Врз основа на член 93 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ", бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА РАБОТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

Член 1

Со овој правилник се уредува работата на лекарските комисии кои во постапката за остварување на правата според Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: Закон), даваат наод и мислење за процентот на воениот инвалидитет, за оштетувањата на организмот врз основа на кои се остварува правото на додаток за нега и помош од страна на друго лице, правото на ортопедски додаток, правото на бањско и климатско лекување, правото на патничко моторно возило, неспособност за работа и правото на професионална рехабилитација.

Член 2

Лекарските комисии од членовите 81 и 82 од Законот даваат наод и мислење за процентот на воениот инвалидитет врз основа на Правилникот за утврдување на процентот на воениот инвалидитет („Службен весник на РМ" бр. 36/96) и спрема начелата на медицинската наука.

Член 3

Лекарските комисии од членот 2 на овој правилник даваат наод и мислење за оштетувањата на организмот врз основа на кое воените инвалиди имаат право на ортопедски додаток, согласно Правилникот за медицинските индикации за распоредување на воените инвалиди во степените на оштетувањето на организмот за остварување на право на ортопедски додаток („Службен весник на РМ", бр. 36/96).

Член 4

Лекарските комисии од член 2 на овој правилник даваат наод и мислење за оштетувањето на организмот врз основа на кое воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина имаат право на додаток за нега и помош од страна на друго лице и за степенот на тој додаток во кој корисниците се распоредуваат согласно Правилникот за медицинските индикации за распоредвање на воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина според степенот на потребата за нега и помош од страна на друго лице („Службен весник на РМ" бр. 36/96).

Член 5

Лекарските комисии од член 2 на овој правилник даваат наод и мислење за постоењето на оштетувањето на организмот врз основа на кое воениот инвалид од I група има право на патничко моторно возило, согласно Правилникот за оштетувањата на организмот врз основа на кои воениот инвалид има право на моторно возило и видот на моторното возило („Службен весник на РМ", бр. 25/96).

Член 6

Лекарските комисии од член 2 на овој правилник даваат наод и мислење за неспособноста за работа на воените инвалиди од VI до X група и на корисниците на семејна инвалиднина и за правото на професионална рехабилитација врз основа на преглед и медицинската документација за нивната здравствена состојба.

Член 7

Лекарските комисии од член 83 од Законот даваат мислење за одобрување на бањско и климатско лекување согласно индикациите пропишани во Правилникот за бањско и климатско лекување на воени инвалиди („Службен весник на РМ", бр. 50/96) на образец кој е пропишан со тој правилник.

Член 8

Лекарските комисии даваат наод и мислење само кога работат во полн состав.

Наодот и мислењето го даваат со мнозинство на гласови на своите членови.

Членот на лекарската комисија што не се согласува со мислењето на мнозинството дава издвоено мислење со образложение.

Член 9

Лекарските комисии од членот 2 на овој правилник даваат наод и мислење на обрасци бр. 1 и 2, кои се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Наодот и мислењето на лекарските комисии треба да биде потполно јасен и доволно образложен, да ги содржи сите факти кои од медицинско гледиште се од значење за донесување на правилно решение.

Образложението на лекарската комисија се смета за потполно и јасно ако во него е наведено дека се работи за лесна, средна, тешка или најтешка форма, односно степен на оштетување на организмот, како што е пропишано во одредбите на Правилникот за утврдување на процентот на воениот инвалидитет.

Член 10

Лекарската комисија од членот 2 на овој правилник во првостепена постапка дава наод и мислење во смисла на членовите 2, 3, 4, 5 и 6 од овој правилник, врз основа на непосреден преглед на лицето кое поднело барање за остварување на соодветното право, како и врз основа на медицинската и друга документација што е од влијание за утврдување на тоа право.

Член 11

Лекарската комисија од членот 2 на овој правилник во второстепена постапка дава наод и мислење во смисла на членовите 2, 3 и 6 од овој правилник, по правило, врз основа на непосреден преглед и врз основа на медицинската и другата документација прибавена во првостепената постапка. Оваа комисија може да даде наод и мислење и без непосреден преглед, ако констатира дека таквиот преглед не е неопходен.

Лекарската комисија во второстепената постапка, а во смисла на членовите 4 и 5 од овој правилник, дава наод и мислење по извршен преглед на корисникот.

Член 12

За лицето што се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа, лекарските комисии, можат да дадат наод и мислење врз основа на медицинската документација издадена од таа установа.

Член 13

Лицето кое поради здравствената состојба не е способно да патува, може да биде прегледано во својот стан. Прегледот го врши лекар-член на лекарската комисија, а наодот и мислењето лекарската комисија го дава врз основа на извештајот на лекарот што го извршил прегледот.

Член 14

Ако лекарските комисии констатираат дека, за да дадат наод и мислење, потребно е лицето да биде прегледано во специјалистичка здравствена организација или изврши медицинско испитување, ќе го упати во соодветната здравствена организација на преглед, односно испитување.

Член 15

Процентот на воениот инвалидитет, степенот во кој се распоредува воениот инвалид за остварување на додатокот за нега и помош и степенот на оштетувањата за остварување на ортопедскиот додаток се означуваат со број и со букви, наведувајќи ја и одредбата од соодветниот правилник.

При утврдување на работната способност се означува со „неспособноста е трајна-привремена до ______ (денот на привремеността), а потекнува од пред ____ години (годината кога настанала истата)".

Член 16

Лекарските комисии водат евиденција за наодите и мислењата во книга на наоди и мислења образец бр. 3 кој е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 17

Членовите на лекарските комисии за својата работа во комисиите, остваруваат надоместок.

Надоместокот од ставот 1 на овој член за членовите на лекарските комисии се определува во проценти од просечната плата остварена во Републиката во претходното тримесечје по даден наод и мислење и тоа:

- за членовите на лекарската комисија од членот 81 од Законот во височина на 1%;
- за членовите на лекарската комисија од член 82 од Законот во височина на 1,2%;
- за членовите на лекарската комисија од член 83 од Законот во височина на 0,8; и
- за членовите на комисијата на лекари вештаци од членот 83 од Законот во височина од 0,9%.

Доколку се изврши преглед согласно членот 13 на овој правилник, надоместокот од ставот 2 алинеите 1 и 2 од овој член се зголемува за 50%.

Член 18

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 12-660/1
24 септември 1996 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.

ОБРАЗЕЦ Бр.1

Лекарска комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за правата на воените инвалиди на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци

(воен инвалидитет, додаток за нега и помош и ортопедски додаток)

Во <u>првостепена</u> постапка
втростепена

Број ___________
на ден_________ 19___ год.

Број на инвалидскиот предмет_______________

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци во првостепена - второстепена постапка на ден __________19__ година го прегледа ________________________________ од_______________________
(име, татково име и презиме) (место на живеење)

РМ, роден_____________________________ лична карта број____________
(дата и година на раѓање)

издадена во _____________, дава

НАОД И МИСЛЕЊЕ

Лекарската комисија утврди дека:

1. постојат следните рани и повреди, кои се земаат како основ за утврдување на воениот инвалидитет

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

2. постојат следните болести, кои се земаат како основ за утврдување на воениот инвалидитет

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

3. постојат следните рани, повреди и болести, кои не се земаат како основ за утврдување на воениот инвалидитет

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

4. воениот инвалидитет изнесува _____ %, _____ група

_______________ за постојано-привремено до _______________;
(со букви)

5. кај именованиот постои-не постои оштетување на организмот од I (прв), II (втор), III (трет) и IV (четврт) степен според одредбата _____ од Правилникот за додаток за нега и помош од страна на друго лице _______________

_______________
(да се наведе оштетувањето)

6. кај именованиот постои-не постои оштетување на организмот кое може да биде распоредено во I (прв), II (втор), III (трет), IV (четврт) степен според одредбата _________ од Правилникот за ортопедски додаток _______________

_______________

_______________
(да се наведат оштетувањата)

7. кај именованиот постои-не постои оштетување на организмот кој според одредбата ________ од Правилникот за оштетувањата на организмот врз основа на кои воениот инвалид има право на моторно возило и видот на моторното возило, има право на патничко моторно возило _______________

_______________
(да се наведат оштетувањата)

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

_______________

_______________

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА М.П. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА

_______________

1. _______________
2. _______________
3. _______________
4. _______________
5. _______________

ОБРАЗЕЦ Бр.2

(-неспособност за работа
-професионална рехабилитација)

Лекарска комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци

Во првостепена постапка
второстепена

Број _______________
на ден_______________ 19__ год.

Број на инвалидскиот предмет _______________

Лекарската комисија за преглед на лицата опфатени со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на живите семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци во првостепена-второстепена постапка, на ден _________19____година го прегледа ______________________________ ________ од
(име, татково име и презиме)

______________________, РМ, роден ____________ ______________
(место на живеење) (дата и година на раѓање)

лична карта бр.__ ______________ издадена во _______ ______,дава

НАОД И МИСЛЕЊЕ

Лекарската комисија утврди дека:

1. прегледаното лице е неспособно за работа трајно - привремено до _______________, поради следната здравствена состојба: (се наведуваат дијагнозите и се дава опис на сегашната здравствена состојба)

___________________________________________

___________________________________________

Неспособноста потекнува од пред ___________ години.

2. прегледаното лице може-неможе да биде упатено на

професионална рехабилитација на ______________________________

___________________________________________
(се наведува занимањето за кое лицето може да се оспособи)

___________________________________________

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА М.П. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА

1.____________________ ____________________

2.____________________

3.____________________

4.____________________

5.____________________

ОБРАЗЕЦ Бр.3

Книга на наодите и мислењата на првостепена / второстепена лекарска комисија

| Реден број | Број,дата и од која подрачна единица е доставен предметот | Име,татково име и презиме на прегледаното лице | Какво мислење се бара-за кое право | Наод и мислење (% на инвалид, степен на додаток за нега,степен на ортопедски додаток,неспособност за работа и професионална рехабилитација | Привремен до кога | Поранешна оценка, односно наод од првостепената комисија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |